

# МЦГО ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2012

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
ГРАЃАНСКО
ОБРАЗОВАНИЕ

**Издавач:**
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

**Адреса на издавачот:**
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)
ул. Козле 1-б, П. фах 82, 1020 Скопје
Република Македонија
тел. 02/3067-981; факс 02/3067-985
е-пошта: info@mcgo.org.mk
www.mcgo.org.mk

**Фотографии:**
Фотоархива на МЦГО

**Графичко уредување:**
Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО)

Годишниот извештај за работата на МЦГО, како и повеќе информации за тековните програми и активности на: **www.mcgo.org.mk**

## ВОВЕД

Во текот на 2012 година активностите на МЦГО беа насочени кон:

- обуки и поддршка за континуиран професионален развој на наставниците од одделенска настава со цел подигање на квалитетот на математичката и јазичната писменост кај учениците, како дел од програмите на УНИЦЕФ и Бирото за развој на образованието;
- соработка со наставниот кадар на сите педагошки факултети со цел да се унапредат нивните капацитети за вклучување на современи наставни приоди, мултикултурни компетенции и грижа за квалитет, професионален и кариерен развој на идните наставници;
- истражувања и организирано прибирање и анализа на податоци, како и мерења на различни состојби и активности од областа на образованието во Република Македонија;
- подобрување на меѓуетничката интеграција во образованието преку реализација на наставни и воннаставни активности со ученици од различен етнички состав;
- зголемување на разбирањето кај пошироката јавност за придобивките што произлегуваат активностите во рамки на проектите за унапредување на образовниот систем во Република Македонија;
- обезбедување примери од добри практики со цел да се придонесе за подлабоко разбирање на различни пристапи за подигање на квалитетот во наставата;
- создавање подобра и попријатна средина за учење како и обезбедување пристап за лицата со посебни потреби преку реновирање на училиштата;
- реализација на активности со кои се обезбедува оддржливост на постигањата во рамки на проектите;
  реализирани се активности за креирање на предлог политики за подигање на свеста за воведување на образование за оддржлив развој.

Во работењето партнерски соработуваме со Министерството за образование и наука (МОН), Бирото за развој на образованието (БРО), Државниот просветен инспекторат (ДПИ), Државен испитен центар (ДИЦ), Центарот за средно стручно образование и обука (ЦССО), општините, донаторите, невладиниот сектор, основните и средните училишта, како и со странски невладини организации. Како и во изминатите години, во 2012-та работевме на проценка на тековните проблеми и идните потреби од областа на образованието и граѓанското општество, со цел уште поодговорно и поквалитетно да излеземе во пресрет на барањата кои се поставуваат пред нас.

**Тимот на МЦГО ја изразува својата благодарност до сите донатори, институции, организации и соработници кои ги поддржаа нашите идеи и дадоа голем придонес во остварувањето на нашата мисија за унапредување на образованието и развојот на граѓанското општество.**



## За МЦГО

**МЦГО е** лидерска невладина организација којашто изработува образовни програми и дава услуги на образовните и други јавни установи, локалната заедница, невладиниот сектор, деловниот сектор и граѓаните со цел да придонесе за континуиран развој на граѓанското општество.

**Стратешки цели** на МЦГО:

- поттикнување учество на граѓаните во демократските процеси во општеството;
- излегување во пресрет на потребите на заедницата;
- унапредување на соработката и координацијата меѓу различните општествени структури;
- соработка и воспоставување мрежи за соработка со организации во земјата и странство;
- поддршка на осовременувањето на формалното образование;
- развивање партнерство со деловниот секторот за поттикнување на корпоративната општествена одговорност;
- изготвување и реализација на програми за граѓанско образование;
- поттикнување свест и реализација на програми за доживотно учење.

**Вредности и принципи** на работата на МЦГО:

- ***професионално и одговорно работење*** во невладиниот сектор;
- обезбедување на ***стручност*** во согласност со барањата на клиентите;
- изнаоѓање идејни ***решенија и методологии*** при реализацијата на сите програми;
- ***еднаков третман*** на сите клиенти и партнери;
- ***креативност*** во новите приоди;
- обезбедување ***одржливост*** при реализацијата на сите активности;
- ***активно вклучување*** на корисниците во процесот на креирање и изработка на програмите;
- ***транспарентност и отчетност*** во соработката со донаторите и корисниците на услугите;
- ***промовирање*** на вредностите за демократско граѓанство во сите сфери на работењето.



## Организациска структура на МЦГО во 2012

Извршен одбор на МЦГО:
- Нина Бабушковска, преседател;
- проф. д-р Марија Ташева, член;
- Милица Петрушевска, член.

Во 2012 година МЦГО имаше вкупно седумнаесет вработени:

- Лорета Георгиева, извршен директор (lgeorgieva@mcgo.org.mk)
- Владимир Петрески, раководител на администрација и финансии (vpetreski@mcgo.org.mk)
- Небојша Мојсоски, раководител на проект (nmojsoski@mcgo.org.mk)
- Горица Мицковска, раководител проект (gmickovska@mcgo.org.mk)
- Аница Алексова, раководител на проект (aleksova@mcgo.org.mk)
- Тулаха Тахир, координатор на проект (ttahir@mcgo.org.mk)
- Светлана Гашоска, координатор на проект (sgasoska@mcgo.org.mk)
- Џевахире Пруси Зајази, координатор на проект,(xhpruthizajazi@mcgo.org.mk)
- Снежана Јанкуловска, координатор на проект (sjankulovska@mcgo.org.mk)
- Лири Старова, координатор на проект (lstarova@mcgo.org.mk)
- Оливера Живковска, кооридnatор за финансии (ozivkovska@mcgo.org.mk)
- Бесник Рамадани, асистент на проекти, bramadani@mcgo.org.mk
- Игор Ордев, асистент на проект (iordev@mcgo.org.mk)
- Елена Мицева, асистент на проект (emiceva@mcgo.org.mk)
- Бојан Димески, асистент за админстрација и програми (bdimeski@mcgo.org.mk)
- Илија Илиевски, асистент за админстрација и програми (ilievski@mcgo.org.mk)
- Елвира Хасан, хигеничар








# ПРОЕКТИ ВО 2012

**Проект:** **УНИЦЕФ - Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија**

**Време на реализација:** март 2010 – декември 2013

**Опис:** Проектот на УНИЦЕФ се реализира во партнерска соработка меѓу БРО, УНИЦЕФ и МЦГО и има за цел да го подобри разбирањето на наставниците за квалитетна настава по математика и јазик во почетните одделенија. Обучените наставници од страна на странски консултанти со поддршка на УНИЦЕФ поминаа процес на сертификација и во улога на мастер обучувачи беа одговорни да ја дисеминираат обуката во своите училишта, како и на наставници од други училишта ширум Македонија, а заедно со советниците од БРО обезбедија менторска поддршка на обучените наставници. Во 2012, МЦГО организираше бројни активности во училиштата од Фаза 1-4, како и Фаза 1-3 за јазик. Исто така, МЦГО реализира и активности со четирите педагошки факултети.

**Резултати:**

***Обуки за програмите:***

- Во програмата „Математика со размислување'' вклучивме нови 62 училишта (Фаза 4). Реализиравме 6 регионални обуки за училишни обучувачи, на кои се обучени 150 наставници.
- Во програмата „Јазична писменост во почетните одделенија'' беа вклучени 72 нови училишта (Фаза 3). Реализиравме 8 регионални обуки за училишни обучувачи, на кои се обучени 198 наставници.
- Организиравме дистрибуција на 3900 прирачници за Математика со размислување и Јазична писменост.

***Поддршка на обучените наставници:***

- Подготвивме насоки, планови и модели за известување и организиравме посети за поддршка во училиштата вклучени во проектот. Реализирани се повеќе од 300 посети во училишта при што се посетени повеќе од 500 наставни часа.
- Организиравме посети во секое проектно училиште во врска со формирање тимови и спроведување на процесот за сертификација на наставниците.



***Активности за обезбедување одржливост:***

- Подготвивме критериуми и инструменти за процесот на сертификација за наставници кои ги применуваат стекнатите знаења и вештини во сопствената работа.
- Во врска со процесот за сертификација на наставниците реализиравме еднодневна обука за 29 советници од БРО.
- За потребите на БРО, подготвивме критериуми за избор на обучувани наставници, материјали, презентации и видео-материјали за обука за снимање добри практики од програмите.
- Организиравме форум за професорите и асистентите од педагошките факултети кои ги предаваат предметите поврзани со наставата по математика и јазик. На форумот беа споделени идеи, искуства и преземени активности за вклучување на приодите и содржините од програмите Математика со размислување и Јазична писменост во почетните одделенија во соодветните наставни програми.
- Подготвивме бројни материјали со кои образовните институциите и пошироката јавност се информираа за активностите и постигањата во проектот.

***Истражувања и евелуации:***

- Ги анализиравме наодите и препораките во извештаите од посетите за поддршка во двете програми, и изготвивме сумарни согледувања со препораки кои ги споделивме со советниците од БРО одговорни за програмите.
- Спроведовме електронско истражување за Реализација на активностите во училиштата и ефектите од двете програми. Податоци беа прибрани од обучувачите и советниците од БРО одговорни за Математика со размислување и Јазична писменост. Изготвивме квалитативни извештаи за секоја програма и ги доставивме до УНИЦЕФ, БРО и обучувачите кои учествуваа во истражувањето.
- Подготвивме и спроведовме Истражување на крајот од првиот циклус на реализација на програмата Математика со размислување (повторно мерење после 3 години од реализацијата во училиштата од Фаза 1- првото мерење беше во 2009 година). Со користење на различни инструменти, прибравме податоци од 557 ученици, 276 наставници и 31 претставник на училишното раководство. Податоците беа анализирани и подготвен е извештај за постигањата во 2012 година со акцент на споредба меѓу резултатите од 2009 година и 2012 година.





**Проект:** **Зајакнување на мултиетничката соработка во општините, Детска Фондација Песталоци**

**Време на реализација:** јули 2012 – декември 2014

**Опис:** Врз основа на наодите што произлегоа од истражувањето на почетната состојба што се спроведе во приодот од јуни 2011 до март 2012 година, МЦГО подготви проект да одговори на потребите на училиштата. Во 2012 година се опфатија 8 етнички мешани училишта, по две во општините: Битола, Бутел (Скопје), Струмица и Тетово. Вкупно 18 основни училишта и 9 општини се целната група што ќе биде дел од овој проект. Целта на проектот е да се подобри меѓуетничката интеграција во образованието преку реализација на наставни и воннаставни активности со ученици од различен етнички состав и на тој начин да придонесе кон зајакнување на мултиетничката соработка и толеранција во општините во Република Македонија. БРО и општините се клучни партнери во реализацијата на сите проектни активности.

**Резултати:**

- Подготвивме извештај од истражувањето за почетната состојба за меѓуетничка соработка во училиштата во кои наставата се реализира на повеќе од еден наставен јазик. Наодите од истражувањето беа презентирани пред пошироката јавност.
- Одржавме информативни средби со раководниот кадар на пилот училиштата и претставници од четирите општини, за време на кои тие беа запознаени со целите и планираните активности во рамки на проектот.
- Направивме преглед на содржините од предметите Запознавање на околината за трето одделение и Општество за четврто и петто одделение и Граѓанско образование за седмо и осмо одделение од аспект на цели и содржини што се поврзани со меѓуетничка интеграција во образованието. Врз основа на прегледот на содржините, советниците од БРО направија модули за обука на наставниците кои ги предаваат овие предмети.
- Организиравме работилница со членовите на Тимовите за училишна интеграција од осумте пилот училишта и претставници од четирите општини кои се вклучени во проектот. На оваа работилница учесниците имаа можност заеднички да планираат активности за меѓуетничка интеграција, да ги зајакнат интеркултурните компетенции и да се информираат за можностите за професионален развој.
- Со поддршка на општина Струмица и Детската фондација Песталоци 40 ученици и 6 ментори од основните училишта од општина Струмица учествуваа на двонеделна програма за културна размена во Троген, Швајцарија. Учениците кои учествуваа во ова програма имаа можност да го збогатат своето знаење и да секнат нови вештини за интеркултурна комуникација со ученици од Швајцарија.
- Донирани се нагледни средства за училиштата за активностите чија цел е јакнење на меѓуетничка интеграција што се реализираат со учениците.
- Советниците од БРО одржаа менторски средби со училиштата за изработка на анекс Годишната програма за работа со активности за меѓуетничка интеграција.





| Проект: | Партнерска иницијатива за Образование за одржлив развој (ООР), финансирана од Европската Унија |
|---|---|

**Време на реализација:** декември 2010 – ноември 2012

**Опис:** МЦГО во партнерство со Мрежата на центри за образовни политики (NEPC) во рамки на пошироката Иницијатива за одржлив развој (ENjoinED), финансирана од Европската унија, направи анализа на наставниот план вклучувајќи ја и Концепцијата за деветгодишно основно воспитание и образование, наставните програми на избрани предмети и учебници. Притоа се утврди обемот со кој Образованието за одржлив (ООР) развој е присутно во сегашниот систем. Наодите од ова истражување, како и од анализите направени во рамките на оваа иницијатива во осум европски земји претставуваат основа за дискусија за чекорите кои треба да се преземат за интегрирање на одржливиот развој како многу важен принцип на образованието на сите ниво, како и за вградување на ООР како тема во наставните области.

**Резултати:**

- Анализиравме наставни програми од одделенска и предметна настава по предмети во кои се очекува да бидат вклучени содржини во врска со образованието за одржлив развој;
- Подготвивме извештај за застапеноста на теми и содржини за одржлив развој во наставните програми и учебниците по соодветните предмети кои се користат во основно образование во Република Македонија;
- Учествувавме во изготвување на компаративна анализа за ООР која вклучува 9 држави;
- Изготвивме препораки како можност за воведување на ООР во образованиот систем.



## Проект: УСАИД - Проект за меѓуетничка интеграција во образованието

**Време на реализација:** декември 2011 – декември 2015

**Опис:** Четиригодишниот проект на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО) работи на создавање клима потребна да се постигне одржлива интеретничка интеграција во образованието. Проектните активности се насочени кон учениците, родителите, наставниците, администрацијата и членовите на училишните одбори во сите основни и средни училишта во Република Македонија. Притоа, соработуваме со МОН, БРО, ЦССО, ДПИ, ДИЦ и општините во постигнувањето на одржлива промена.

ПМИО го сочинуваат четири компоненти: Информирање на јавноста и заедниците, градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците, модел училишта и обезбедување стимул за училиштата и за локалните заедници. Во 2012 година беа вклучени 4 пилот општини (Струмица, Бутел, Битола, Тетово).

ПМИО се реализиара во партнерство со невладини организации: Центарот за човекови права и разрешување конфликти (ЦЧПРК), Македонскиот институт за медиуми (МИМ), Фондацијата за културни и образовни иницијативи Чекор по чекор, Центарот за балканска соработка Лоја и Здружението за развој на ромската заедница Сумнал, Центарот за изведувачки уметности Мултимедиа, Младинскиот образовен форум (МОФ) и Моја кариера кои со своето искуство и стручност, работат на специфични подрачја од реализацијата на Проектот.

**Резултати:**

**Информирање на јавноста и заедниците**

- Го промовиравме проектот во МОН, ЦССО, БРО, ДПИ, ДИЦ, амбасадорот и вработените во Амбасадата на САД во Република Македонија, Секретаријатот за имплементација на Охридскиот рамковен договор и други релевантни институции.
- Организиравме регионални презентации за 700 претставници од општините, училиштата, училишните одбори и од советите на родители од сите општини.
- Информиравме 15 уредници од медиумите за проектните активности и за важноста на медиумите за зголемување на информираноста на јавноста за проектните активности.
- Обезбедивме поддршка на четиридневен мултиетнички летен камп, организиран од страна на Мировниот корпус.
- Заедно со МИМ реализиравме работилница за известување за различностите во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието која поттикна новинарите да дискутираат за основните услови за известување за различностите, одбегнување на негативни стереотипи, етнички предрасуди и говор на омраза во извештаите.
- Организиравме работилници за креативно изразување и поврзување за група ученици кои ги развија вештините за креативно и критичкото размислување в врска со стереотипите, предрасудите и дискриминацијата врз етничка основа. Притоа учениците подготвија куси видео снимки и ја информираа јавноста на споделувајќи ги своите позитивни искуства.
- Со МИМ организиравме работилници за над 70 претставници од општинската администрација, БРО, училиштата, Советите на родители и локалните невладини организации, за стекнување вештини за изготвување ефективни презентации во контекстот на меѓуетничката интеграција во образованието.
- Организиравме тркалезни маси и дебати со партнерската организација Центар за изведувачки уметности Мултимедиа во четирите пилот општини со цел да се дискутира за образованието во мултикултурниот / меѓукултурниот контекст.
- Со МОФ организиравме обуки во четири пилот општини со цел да се подготват учениците од дебатните клубови за локални и државните дебати. Беа организирани 103 дебати за млади од различни етнички заедници кои дебатираа за граѓанската вклученост и образованието.

- Со Моја кариера поддржавме групи од ученици од две средни училишта, под менторство на нивните наставници за спроведување на „Студија на случај – истражување на кариерниот развој во мултикултурна средина и изготвување на видео-приказна”. Истражувањата за студиите на случај се реализираат во локалните компании/институции со етнички мешана работна сила.
- Организиравме свечени настани за сечење на лента во пет основни училишта, за одбележување на успешното завршување на реновирањето на училиштата.






**Градење на капацитетите на училишното раководство и наставниците**

- Организиравме работни средби во пилот општините со вкупно 124 претставници (директори и стручни служби) за отпочнување на активностите за меѓуетничка интеграција во образованието во 40 основни и 18 средни училишта.
- Одржавме обука “Промовирање на концептот за меѓуетничка интеграција во образованието“ за одговорните за образование од пилот општините - Битола, Тетово, Струмица и Тетово.
- За 34 избрани мастер-обучувачи (практичари и советници од БРО и ЦСОО) реализиравме циклус на обуки за воведување на концептот за меѓуетничка интеграција во образованието.
- Организиравме обуки за запознавање со концептот за меѓуетничка интеграција за тимови за училишна интеграција од 58 училишта од пилот фазата, каде учествуваа 400 претставници од пилот училиштата (директори, наставници, членови на училишни одбори и совети на родители).
- Одржавме обука за оспособување на мастер обучувачите за давање менторска поддршка во текот на реализација на активностите на училишно ниво.
- Спроведовме електронско истражување во сите основни и средни училишта и теренско истражување во избран примерок од основни и средни училишта, со цел да се согледа постоечката состојба на меѓуетничките односи и потребите за воведување на меѓуетничка интеграција во образованието.
- Направивме анализа на постојните наставни програми за основно и средно образование и проучување на можности за мултукултурни активности и препораки.
- Формирани се Тимови за училишна интеграција во сите пилот училишта и изготвено е Упатство за работа на тимовите.
- Со претставници од МОН, ДПИ, општини, невладини организации, како и практичари од основното и средното образование организиравме фокус групи за надополнување на Индикаторите за квалитетот на работата на училиштата со теми за меѓуетничка интеграција, и фокус група за надополнување на Индикаторите со теми за инклузија на деца со посебни потреби. Исто така се одржаа работни средби за надополнување на Индикаторите со содржини од аспект на ненасилство во училиштата, семејно насилство, милениумските цели, Декадата на Ромите и Европските цели 2020.

**Модел училишта** (во соработка со ЦЧПРК)

- Од 72 училишта кои конкурираа да станат модел училишта, беа избрани четири училишта, две основни и две средни (основни училишта: „Братство Единство“ од Охрид и „Санде Штерјоски“ од Кичево, и средните училишта: Средното економско општинско училиште „Гостивар“ од Гостивар и Средното градежно училиште „Здравко Цветковски“ од Скопје).
- Во сите модел училишта одржана е воведна презентација на проектот и дадени се насоки и критериуми за избор на Тимови за училишна интеграција (ТУИ) составени од 9-10 претставници од училишното раководство и наставници што предаваат на различни наставни јазици.
- Изготвивме прашалници за самоевалуација на училиштата (за наставниците, учениците и родителите), со кои беа прибрани податоци од 339 наставници, 349 ученици и 230 родители.
- Изготвивме инструменти за внатрешен мониторинг за четири различни категории на активности, а во рамките на секоја категорија инструменти кои ги пополнува реализаторите на активностите и претставниците на ТУИ. Беа изготвени и инструменти за надворешен мониторинг за различни воннаставни активности во училиштата.
- Организиравме обука со ТУИ од модел училиштата за нивно сензибилизирање за меѓуетничката интеграција во образованието, за спроведување самоевалуација, како и воспоставување модел за координирање на проектните активности во училиштата. На учесниците им ги претставивме и четирите инструменти за внатрешен мониторинг.
- Организиравме обука со претставниците на стручните служби од сите модел училишта за демократско учество на учениците. Учесниците на семинарот извршија дисеминација на процедурите за избор на ученичките тела на сите класни раководители.
- Изготвивме прирачник за наставници – Демократско учество на учениците во училиштето, кој се фокусира на потребата од демократско учество на учениците во училиштата и нуди примери и процедури за поефикасно демократско учество.
- Изготвивме прирачник за наставници - Заеднички активности со групи ученици со мешан етнички/јазичен состав, кој нуди насоки за спроведување и на краткотрајни и на долготрајни заеднички активности и во еднојазични и во повеќејазични училишта.





**Обезбедување стимул за училиштата и локалните заедници**
(Оваа компонента е финансирана од Европската команда на Американската војска)

- Формиравме работна група на компонентата за обезбедување стимул на училиштата и локалните заедници, со која дефиниравме апликација за избор на училишта, апликација за реновирање на училишта и критериуми за оценување на апликациите.
- Добивме 100 апликации од 25 општини (4 пилот општини: Бутел. Тетово, Битола и Струмица и 21 соседна општина), комисијата ги оцени сите и врз основа на ранг листа беа избрани 10 училишта.
- Потпишавме Меморандуми за соработка и договори за донација со директорите од десетте училишта и градоначалниците на општините во кои тие се наоѓаат и формиравме Тимови за реновирање на училиштата.

- Креиравме ранг листа од пријавените 31 фирма-изведувач и од пријавените 40 консултантски фирми/консултанти, а потоа потпишавме договори со избраните најповолни изведувачи и надзори за реновирање на избраните училишта.
- Реновиравме дополнително единаесетто училиште, избрано од ранг листата (како резултат од направената заштеда во текот на активностите за реновирање на десетте пилот училишта, со претходно одобрување од УСАИД и ЕУКОМ на Армијата на САД).
- Изготвивме планови за заштита и следење на животната средина за сите 11 проекти за реновирање и го реализиравме реновирањето во 11 училишта (9 основни и 2 средни).
- Подготвивме проект за изградба на пристапни рампи во пет училишта.
- Креиравме два модули и прирачници за обуките за зајакнување на капацитетите на тимовите за реновирање на училиштата и развивање на вештините на техничкиот персонал за одржување на училишните објекти во партнерство со Чекор по чекор;
- Одржавме регионални обуки за Планирање на одржувањето на училишните објекти и подготовка на буџет за одржување, каде беа опфатени 97 директори, секретари и технички персонал на училиштата, членови на училишните одбори, родители, вработени во општините и членови од локалните заедници.
- Одржавме менторски сесии со ТРУ во сите 11 училишта на кои ги презентираа изработените планови и буџети за одржување на училишните објекти.
- Одржавме обука за техничкиот персонал и секретарите од сите 11 училишта за зајакнување на капацитетите на техничкиот персонал за одржување на училишните објекти, и беа обучени секретари, домаќини, котлари и хигиеничари од училиштата.
- Обезбедивме документација од општините и училиштата за нивното учество (парично и во работна рака) во процесот на реновирање.
- Континуирано соработувавме со одделението за капитални инвестиции при Министерството за образование и наука, а во согласност со потпишаниот договор за соработка меѓу ПМИО и МОН.






## Финансиски извештај

МЦГО е запишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 1780, со решение бр. 97/04 од 07.06.2004 година. Матичен број: 5875471. Единствен даночен број: 4030004512015. Финансиското работење во МЦГО е организирано на начин кој ги почитува најважните начела на финансиското работење: отчетност, транспарентност, документираност. Сметководственото работење и евидентирање е во согласност со Законот за сметководство за непрофитните организации. МЦГО изготвува месечни финансиски извештаи за своето работење, како и годишен финансиски извештај. МЦГО, во согласност со барањата на различни донатори, подготвува и посебни финансиски извештаи врз основа на сметководствената документација и евиденција.






**БИЛАНС НА СОСТОЈБА**

| Актива | Година 2011 | Година 2012 |
|---|---|---|
| А: Постојани средства (I+II+III) | **6,205,147.00** | **7,771,447.00** |
| I. Нематеријални средства | 35,954.00 | 9,262.00 |
| II. Материјални средства | 6,169,193.00 | 7,762,185.00 |
| III. Материјални и нематеријални вложувања во подготовка | 0.00 | 0.00 |
| Б: Парични средства, краткорочни побарувања, активни пресметковни сметки (I+II+III+IV+V+VI) | **7,355,319.00** | **8,508,338.00** |
| I. Парични средства | 6,960,680.00 | 4,094,074.00 |
| I а: Жиро-сметка | 3,329,609.00 | 622,284.00 |
| I б: Благајна | 57,793.00 | 90,645.00 |
| I в: Девизна сметка | 3,573,278.00 | 3,381,145.00 |
| II. Купувачи | - | - |
| III. Побарувања за аванси, депозити | 8,245.00 | 2,685.00 |
| IV. Краткорочно-финансиски побарувања | 269,105.00 | 1,444,325.00 |
| V. Побарувања за повеќе платени даноци и придонеси | 10,846.00 | 2,686,825.00 |
| VI. Активни временски разграничувања | 106,443.00 | 280,429.00 |
| VI а: Однапред платени трошоци | 4,008.00 | - |
| VI б: Други временски разграничувања | 102,435.00 | 280,429.00 |
| В: Ситен инвентар | - | - |
| **Вкупна актива (А + Б + В):** | **13,560,466.00** | **16,279,785.00** |
| **Пасива** | | |
| А. Извори на деловните средства | **6,205,147.00** | **7,771,447.00** |
| I Деловен фонд | 6,205,147.00 | 7,771,447.00 |
| Б. Краткорочни обврски и пасивни пресметковни сметки | **780,449.00** | **2,552,595.00** |
| I Добавувачи | 186,961.00 | 762,435.00 |
| II Обврски спрема државата и др.институции | 32,307.00 | 33,087.00 |
| III Краткорочни финансиски обврски | 270,385.00 | 1,444,325.00 |
| IV Други краткорочни обврски | 290,796.00 | 312,748.00 |
| В. Пасивни временски разграничувања | **6,500,531.00** | **5,881,404.00** |
| I Дел од вишокот од приходите пренесен во наредната година | 6,461,816.00 | 5,853,177.00 |
| II Други пасивни временски ограничувања | 38,715.00 | 28,227.00 |
| Г. Нераспределен дел од вишокот на приходите | **74,339.00** | **74,339.00** |
| **Вкупна пасива (А + Б + В + Г):** | **13,560,466.00** | **16,279,785.00** |

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ**

| Приходи | Година 2011 | Година 2012 |
|---|---|---|
| Приходи од услуги | - | 0.00 |
| Приходи од камати и позитивни курсни разлики | 164,208.00 | 76,454.00 |
| Приходи од членарини, подароци, донации и други извори | 43,617,903.00 | 64,626,352.00 |
| Приходи од кирии и закупнини | - | 0.00 |
| Сопствени приходи | - | 0.00 |
| Други приходи | 918.00 | 3,855.00 |
| Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година | 5,016,500.00 | 5,447,601.00 |
| **Вкупно приходи:** | **48,799,529.00** | **70,154,262.00** |
| **Расходи** | | |
| Материјални расходи, наемнини и амортизација | 12,401,491.00 | 8,388,239.00 |
| Интелектуални услуги, членарини, провизии и останати расходи | 17,942,613.00 | 23,438,047.00 |
| Капитални и други средства | 58,256.00 | 2,195,954.00 |
| Помошти и донации и други давачки | 468,788.00 | 11,625,731.00 |
| Плати и надомест на плати | 11,466,565.00 | 18,653,114.00 |
| **Вкупно расходи:** | **42,337,713.00** | **64,301,085.00** |

## ШТО ВО 2013...

- Подигнување на капацитетите на МЦГО за соочување со тековните промени во доменот на граѓанскиот сектор;
- Јакнење на меѓуетничката соработка и доверба во заедницата;
- Истражувања во областа на образованието;
- Зајакнување на капацитетите на вработените на општините за унапредување на соработката на општините со училиштата;
- Поттикнување и градење на партнерството меѓу централната и локалната власт;
- Зајакнување на квалитетот на образованието преку унапредување на наставата по математика и јазик, применување на приоди за интеретничка интеграција во образованието, унапредување на регулативите за професионален и кариерен развој на наставниците;
- Подигнување на капацитетите на локалната администрација за работа во областа на образованието;
- Обезбедување на обуки од областа на образованието според специфични барања на корисниците.



www.mcgo.org.mk